ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци“- Скопје

# СТРАТЕГИЈА СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЈУ ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА „БРАЌА ИЛАДИНОВЦИ“, СКОПЈЕ, Р. МАКЕДОНИЈА

**за период 2018-2022**

Скопје, јуни 2018

**Стратегија со акционен план за развој на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје за период 2018-2022 год.**

**Вовед**

Културата на еден народ, држава била и останала стожер, вечна обзнана на неговиот идентитет, самобитност, национално и духовно достоинство. Во спрега со традицијата, јазикот, длабоко вкоренетата свест за сопственото постоење и интегрирање во современите текови на денешната цивилизација, културните вредности на македонскиот народ се издигаат на највисок пиедестал.

ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“-Скопје во мозаикот наречен „култура“ на градот, дражавата- Р. Македонија е еден од клучните фрагменти кои ја прават она што треба да биде, а тоа е национална гордост, духовно и информациско светилиште, место каде силата на пишаниот збор го јакне идентитетот и самобитноста на нашиот народ. Библиотеката е пред се и над се „чувар и заштитник“ на книжното богаство на литературни дејци од Македонија и светот општо, центар на културните збиднувања во градот и пошироко, место каде младите генерации имаат можност да добијат разни информации од доменот на нивниот интерес, но и можност да ги надоградат своите воспитно-образовни квалитети.

Под менторство на Градот Скопје, Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ ја продолжува започнатата стратегија за јакнење на културниот идентитет на граѓаните на Скопје и државата, грижата за културното наследство во склад со актуелните политики на мултикултурноста и интеркултурниот дијалог, подршка на развојот на културните разноликости и сите оние активности кои значат прогрес и следење на современите текови во библиотекарството и културата општо. Имајќи ја в предвид Стратегијата за културен развој, Библиотеката е спремна да одговори на сите предизвици кои ги носи „новото време“, имплементирајќи во своите активности нови форми и содржини, како на меѓуопштинско, така и на градско ниво.

Со предлог стратегијата за развој 2018-2022 година, ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје се вклучува во процесите за поставување нови цели и одредување нови начини за збогатување на културниот живот во главниот град. Исто така, таа дава насоки како дел од пишаното богаство кое е дел од културното наследство и кое Библиотеката го поседува, да се чува и заштитува од несакани дејанија. Впрочем чувањето и заштитата на културното наследство е законска обврска на секоја културна институција која го поседува, тоа е обврска пред традицијата, историјата, поколенијата. Заштитата на културното наследство во земјите од Европската Унија е главен приоритет и главна стратешка цел на секоја европска културна институција, Р. Македонија како земја-кандидат за влез во Унијата мора и треба да тежнее овие европски културни вредности да ги почитува, негува и развива.

**Организациска поставеност на библиотеката**

Организациската поставеност на ЈУ Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ според нејзиниот Статут има за цел библиотечна покриеност на теристоријата на град Скопје и блиската околина, а тоа пак значи достапност за користење на нејзините услуги за сите граѓани. Спектарот од 18 библиотеки лоцирани во централното градско подрачје и приградските населби се „базните“ станици на информации за корисниците на нашите улуги. Слободно можеме да констатираме дека Градската библиотека од година во година покажува и докажува дека начинот на организација, локациската поставеност и структурната практика се предуслов за успешно функционирање.




Шематски приказ на организациската поставеност на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје

Библиотеката е неразделен сегмент на локалната заедница и носител на културниот живот во неа и затоа, Библиотеката како дел од мрежата на градски

културни институции ќе претставува „излог- прозорец“ на градската власт во кој ќе се одразуваат сите заеднички достигнувања во процесите на деполитизирање на културните простори, трансформирање на институциите и воведување на новите културни трендови. „Новото време“ е длабоко навлезено во сите пори на општеството, културата, а библиотеката како „храм“ на културата добива нова улога, на културна институција која не ѐ повеќе само зграда во која се чуваат книги, туку жив центар на секоја заедница на која и служи, центар на сите културни случувања во Градот. **Современата библиотека** овозможува заедницата (Градот, државата) да израсне во бренд за промовирање на својата култура, културното и историското наследство во опкружувањето и светот општо.

**Библиотеката и „новото време“**

Постојат повеќе дефиниции за поимот библиотека, една од нив вели дека тоа е зграда или просторија која содржи колекции на книги и периодични изданија за употреба од страна на пошироката јавност или членовите на одредени институции и дека во неа се чуваат колекции на книги, организирани колекции на филмови, музика и друго, кои може да се изнајмуваат или користат за истражувања. (Дефиницијата според Concise Oxford English Dictionary). Меѓутоа современиот начин на живеење условен од сѐ побрзиот технолошки развој, пред се информатичкиот, ги доведе во ситуација големиот број на институции (не само од областа на културата) да си го поставаат прашањето : **што ни носи иднината**!? Одговорот на ова прашање е комплексен и тежок, но со однапред добро осмислена Стратегија за развој на Библиотеката за подолг временски период, точно и прецизно дефинирање на проблемите и решенијата во насока на нејзино успешно функционирање, може многу полесно да се предвиди нејзиното функционирањето во иднина.

Сите промени предизвикани од технолошкиот развој започнувајќи од секојдневниот начин на живеење па сѐ до работниот процес, нѐ доведуваат во состојба да извршиме редефинирање на поимот **библиотека**. Како креативен и флексибилен простор библиотеките на иднината ќе ги задоволуваат потребите на дигиталните ученици, а истовремено ќе ги надградуваат традиционалните пребарувања на корисниците на печатените ресурси и ќе останат тивко место за читање.

**Првиот дел** од стратегијата е насочен кон градежна обнова и развој на објектите, во контекст на создавање услови за нормално функционирање на библиотеките. Овој дел е наречен **„Библиотеки за сите“** - капитална програма за реновирање или замена (дислоцирање) на централните библиотеки и 14-те библиотечни подружници. Стратегијата за развој предвидува целосна или делумна санација, реконструкција на дел од библиотечните објекти, дислоцирање од постоечките локации, со што ќе се овозможи трансформација на библиотечните подружници, кои треба да бидат вистински центри на општинските, градските културни случувања, вистински носители на информациско- информатичкиот прогрес на локалните заедници. Голем дел од библиотеките кои се во состав на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје се во лоша ентериерно-екстерна состојба, мора да се направи градежен „бајпас“, за да истите бидат во функција. Овој дел од Стратегијата мора да се

изведе внимателно и професионално, секоја импровизација ќе значи назад кон она што значи современа библиотека, прогрес и развој во библиотекарството.

**Вториот дел** од стратегијата го пренасочува фокусот од градежни работи кон услуги, со цел да се постави курс на работење кој е во пресрет на информациските потреби на 21 век. Бидејќи Градската библиотека е јавна институција, основана од заедницата за корисниците од заедницата - голем дел од работите ќе се извршуваат во консултација со нив околу иднината на библиотеката. Стратегијата за развој на библиотеката во периодот 2013-2016 г. предвидуваше користење на т.н. „отворени денови“ во библиотеките низ целиот град. Оваа пракса се покажа како добар „изум“ во насока на прибирање на нови идеи, мислења, предлози од страна на нашите корисници како и сите членови на заедницата за идните библиотечни активности, при што корист ќе биде обострана: библиотеките ќе ги инкорпорираат барањата и желбите на своите корисници во своето работење, а тие пак ќе имаат можност да бидат важен чинител во работењето на библиотеките. Што е смислот и содржината на овие „отворени денови“!? Ќе бидат дистрибуирани „анкетни прашалници“ за сегашната корист од библиотечните ресурси, погодноста на објектите, услугата на вработените. Ќе бидат одредени фокус групи од разни категории, ученици, тинејџери, студенти, возрасни, луѓе со посебни потреби, со кои ќе се одржат разни дискусии во врска со библиотеката и како таа би можела подобро да ѝ служи на оваа популација, бидејќи заедничката соработка и партнерствата ќе овозможат подобри бенефиции, т.е поуспешно функционирање.

Ќе биде спроведено и отворено истражување помеѓу вработените, бидејќи и тие се инволвирани во целиот овој процес, овозможувајќи да имаат увид во шемите и параметрите кои се дел од Стратегијата. Во отворената анкета тие ќе ги споделат своите идеи за иднината на библиотеката, новите трендови во библиотекарството и промените во користењето на библиотечните ресурси, и предлозите за нови и подобри начини на услуги кон корисниците на библиотеката. Библиотекарите се носители на библиотечната дејност, нивната стручност и компетентност се основа за успешно фукционирање на Библиотеката, но истовремено тие се извор на информации од најразличен вид за корисниците на нашите услуги.

Овој процес на планирање и реализација на поставените цели ќе биде под „будно“ око на раководителите на библиотеките, директорот, целиот менаџерски тим. Тимската работа велат дека е рецепт за успешно справување со сите предизвици во животот, па оттаму редовните консултации, состаноци на луѓето кои менаџираат со нашата институција ќе биде силен гарант за целосна имплементација на плановите, целите од Стратегијата. Истата ќе ги насочува напорите на Библиотеката за промени во работењето и е наменета исклучиво за поставување амбициозен курс за идните трендови на Библиотеката. Градот Скопје кој е ментор на Градската библиотека секогаш искажувал и покажувал спремност за финансиска подршка на разни културни проекти, набавка на компјутерско-информатичка опрема, градежни активности иницирани од нашата институција, а се во прилог за нејзино нормално и успешно фукционирање. Взаемната доверба е предуслов за културен прогрес и препород,

неинвентивноста и немањето визија за следење на чекор со модерните технологија треба и мора да бидат минато.

## Главни теми на стратегијата

Промените во меѓусебната комуникација, пристапот до информации, потребата од нови ресурси, ја истакнуваат потребата од оперативно и ефективно раководење во општеството и потребата од нови пристапи до услугите и ресурсите кои ги нуди библиотеката. Библиотеката мора да еволуира на начин кој ќе ги повразува двата дела од промената, разноликостите на нашите корисници, од една страна и обезбедување еднаков пристап до светот на идеите, на сите членови на градската заедница. Резултатите од аналитичките серии на разговори околу иднината на културните институции се основната насока по која ќе се движи библиотеката за време на периодот на внатрешната транзиција, исто како и во насока на надворешните општествени и технолошки промени. Планот е наменет за да обезбеди **нови цели** и **насоки**, во согласност со вистинските библиотечни вредности, бидејќи Библиотеката, смислено и смело, ги прифаќа новите предизвици и можности, сѐ во корист на своите корисници. Основната цел на Библиотеката треба да претставува задоволување на потребите и интересите на своите корисници**,** тоа е пред се нејзина законска обврска, но современиот начин на живеење бара валоризација на интелектуалниот капитал, а тоа пак од своја страна од секоја културна институција бара современ пристап во работењето, нови погледи и насоки во своето делување, а нашата институција мора да чекори смело пред иновативните предизвици на новото време. Општество кое се насочува кон одредницата „организирана заедница" мора да создава и развива и културни вредности, како и да апсорбира културно живеење кое го подразбира „интересот на реалните граѓани во реалните заедници" .

Од слоевитоста на истражувањето кое предходи на акцискиот план од Стратегијата, ги извлекуваме клучните теми во водењето и развојот на стратешкиот план:

- Поддршката на **посветеноста на читањето и учењето** останува основно јадро на Библиотеката и затоа квалитетот и квантитетот на библиотечните колекции се од огромно значење за корисниците.

- **Нови форми на активности** во библиотеката како пандан на новите предизвици во библитекарството. Работилници, обуки, семинари, конференции во спрега со новите технологии, визии, трендови итн. прават Библиотеката да биде „клуч" кој ги отвара портите на просперитетна иднина.

- **Промовирање на литературата и љубовта кон читањето -** препознавајќи го виталното значење на читањето, можност за отварање на нови хоризонти, Библиотеката се залага да ги подржи сите корисници да бидат доживотни читатели.

- **Дигитализацијата** како процес на иднината е длабоко навлезена во сите пори на општеството, па затоае потребно поагресивен пристап во унапредување на дигиталните процеси и ресурси заради поефикасен пристап на корисниците до информациите, и тоа во форми кои им се најдостапни.

- **Континуирана обука на библиотекарите** од доменот на нивните работни активности, со посебен осврт на COBISS апликативниот библиотечен систем, основни информациско-информатички познавања по пат на предавања, семинари и сл. Постојано информирање на вработените за новите текови и стандарди во библиотекарството, што како краен продукт дава добра корисничка информираност и задоволство од нашите услуги.

- **Заштита на приватноста на корисниците** е законска обврска на секоја институција, па оттаму и Градската библиотека мора да ја почитува потребата од заштита на личните податоци, информации и барања на корисниците, онлајн пристапите до веб страниците, како и нивниот статус на позајмени книги.

- **Почитување и прифаќање на целата заедница -** Ние ја славиме и подржуваме разновидноста на градот Скопје, со цел да обезбедиме луѓето да се чуствуваат добредојдени во Библиотеката. Се стремиме да ги препознаеме потребите и очекувањата на секој корисник на Библиотекатаи активно ја поддржуваме борбата против предрасудите, стереотипите и дискриминацијата.

- **Поттикнување на здрава демократија.** Библиотеката е посветена на градење информирана заедница и обезбедување на неутрален терен, каде учеството во цивилниот животе е отворен за сите. Библиотеката игра централна улога во градот Скопје и неговите населби. Сега, повеќе од било кога, библиотеката треба да ја зајакне демократијата преку граѓански ангажмани во дискусии и размена на информации. Преземајќи ја оваа улога таа ќе биде чекор понапред, бидејќи со тоа Библиотеката не треба да чека луѓето да влезат низ врата, напротив, таа ќе е активна надвор, ќе ги слуша барањата на луѓето и ќе ги поврзува со библиотечните ресурси онаму каде што се тие.

- За доближување до овие амбициозни цели, Библиотеката мора да се обедини со јавноста, заедницата и бизнис организациите за да ги прошири своите домени преку **стратешки партнерства**. Способноста на Библиотеката активно да ги збогатува животите на жителите на Градот, бара создавање на културна организација која охрабрува дејствување преку иновации и експериментирање.

- **Формираме силни партнерства -** Библиотеката го проширува својот домен и влијание во заедницата преку партнерства со индивидуалци, јавните и непрофитните организации, разни граѓански асоцијации, агенции, групи од заедницата, едукатори и бизнисмени.

- **Даваме поддршка на децата и младите.** Се стремиме кон приклучување на родителите, едукаторите и младите луѓе во кампањата за подигањето на свеста за важноста од зголемен број на читатели и корисници. Ние ги препознаваме приоритетите од напорите да се затворат образовните празнини, воспитно-образовната надградба на младите е наша приоритетна цел.

- **Јакнење на меѓународната соработка** со библиотеки од блиското опкружување, и пред се со високо развиените западни демократии, преку преписки, посети, консултации и разни видови на комуникации. Нивната иновативност, креативност, организациска поставеност, начинот на спознавање и практицирање на културните вредности се придобивките од овие контакти.

- **Се прилагодуваме и инвентираме.** За да останеме достојни кон новите барања и интереси на своите корисници, континуирано се

прилагодуваме и прифаќаме сè што е ново и напредно. Ние сме институција која постојано се надградува и инвестира во своите вработени, во технологијата и инфраструктурата за да ја потврди својата дејност.

## Стратешка цел 1

**Реновирање, санација и дислокација на библиотечни објекти и нов мултифункционален изглед**

**Крајна цел**:

Реновиран објект на Матичната блиотека кој ќе добие сосема нов, мултифункционален изглед, нови содржини базирани на современи технологии, ќе изгради имиџ на место во кое секој граѓанин ќе го најде своето катче, својот интерес и ќе може да се припреми на доаѓањето на новото дигитално време. Со реновирана зграда - објект, иновативна технологија, силно лидерство и подршка од заедницата, библиотеката ќе може да го започне процесот на трансформација – од место исполнето со книги, да израсне во жив центар на секоја заедница на која и служи. Библиотеката да биде модел на успешна и развојна културна институција, која треба да биде пример за другите во државата и да биде горда на својот успех во давањето помош на луѓето за остварување и постигнување на нивните цели, секој ден и во секое опкружување.

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел**:

Првиот дел од стратегискиот план, програмата за градење е капитална инвестиција од градежно-технички карактер и е проект наречен „**Библиотеки за сите**“ **-** капитална програма за реновирање или релокација на 14 библиотечни подружници кои постојат како дел од системот на 3 централни библиотеки, како и реновирање и реконструкција на објектот на Матичната библиотека „Браќа Миладиновци“.

Зградата во која е сместена Матичната библиотека што се однесува до внатрешниот и до надворешниот изглед во е во лоша состојба, тоа е наследство од луѓето кои менаџираа и раководеа со Библиотеката претходните 10-15 години. Објектот е ставен во употреба во 1974 година и 28 години не претрпел некои посериозни надворешни или внатрешни промени. Во изминатите две децении имаше некои неуспешни обиди за „разубавување“ на библиотечната внатрешност од страна на менаџерите – директорите, кои водени од свои визии за нејзиното внатрешно уредување внесоа архитектонско-естетски невкус во нашата институција. Големите и светли читални кои беа гордост и препознатлив знак на Библиотеката, со наредба на директорот станаа мали, неадекватни и темни места каде студентите, учениците и останатите корисници немаа нормални услови за учење, користење на библиотечните услуги итн. Светлите и пространи холови каде корисниците можеа меѓусебно да комуницираат, разменуваат информации, споделуваат искуства, станаа темни и мистични места за средби. Ѕидните површини беа обложени со темни тапети и дрвени табли кои можеби убаво и достоинствено ќе ја обавуваа својата функција во некој „ниско“ вреднуван угостителски објект, но не и во една културна институција од рангот

на библиотека. Ваквата состојба е неодржлива, читалните и холовите мора да го вратат својот поранешен изглед, поради што итно е потребно бојадисување на внатрешните ѕидови, оградите на скалите, замена на осветлувањето со современо лед осветлување, поплочување на скалишниот простор итн.(во моментот на подготовката на Стратегијатасе врши бојадисување на ѕидните и таванските површини). Исто така кровната конструкција поради неквалитетната изведба пред 5-6 години протекува на повеќе места, поради што е потребна итна и целосна реконструкција (се работи за голем зафат). Матичната библиотека нема депо за чување на книжниот фонд ( стари книги, книги кои моментно не се актуелни итн.) според стандардите кои ги пропишува IFLA за чување на ваков книжен фонд. Предвидена е целосна реконструкција и санација на вториот кат, нови читални и простории за одржување на разни видови трибини, работилници, литературни манифестации, замена на постоечката компјутерска мрежа со нова, современа, поставување на лифт за побрз транспорт на книжниот фонд, електронска евиденција на корисниците и корисничките услуги итн., и на тој начин Матичната библиоитека ќе добие нов современ изглед.

Истовремно, голем број од објектите на библиотечните клонови имаат потреба од итни градежни работи, како замена или реконструкција на кровната конструкција, замена на прозорците, замена на подот, нови системи за греење и ладење, реновирање на тоалетите, нов ентериер, набавка на нов инвентар (инвентарот во повеќето библиотеки е од нивното основање), реновирање на скалишниот простор на влезот (библиотека „Другарче"- голем зафат) итн. Тука мора да се нагласи дека додека се подготвува Сратегијата за развој на Градската библиотека „Браќа Миладиновци" почна со работа библиотеката „Кочо Рацин" лоцирана во населбата Автокоманда, која доби целосно нов простор во новоизградениот културен дом во истата населба. Исто така, е целосно реновирана и библиотеката „Рајко Жинзифов" во населбата Лисиче, која доби сосема нов и современ изглед. И двете библиотеки почнаа со работа во месец април 2018 година, па затоа мораме да ги истакнеме како дел до Стратегијата за развој на Градската библиотека за 2018-2022 година.

Со остварување на планираните активности од првиот дел од Стратегијата ќе се добијат најголемите предности и можноста на Библиотеката:

- **Моќно присуство во секоја заедница**. Со 4 Централни библиотеки и 14 подружници лоцирани низ Градот, Библиотеката ќе биде витален дел на секоја заедница во Скопје. По завршувањето на Програмата за градење, сите библиотеки ќе бидат отворени и ќе му служат на соседството, граѓаните на општините, Градост Скопје. Како што спомнавмне во уводот 18-те библиотеки кои ја сочинуваат ЈУ Градска Библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје, локациски ги покриваат сите општини и приградски населби на нашиот главен греад. Со нивна делумна или целосна реконструкција, реллокација, санација тие на граѓаните во нивните заедници ќе им понудат сѐ на едно место: отворени јавни простори, нови колекции и компјутери, Wi-Fi пристап, програми и услуги за сите возрасти, простории за состаноци на заедницата, место на одржување културни настани.

- **Лесен пристап**. Со вака формираната мрежа на една Матична библиотека, три Централни и 14 библиотечни подружници им се овозможува лесен пристап до библиотеките на нашите корисници од сите возрасни групи и

од сите делови на Скопје, со што тие брзо и ефикасно ќе ги добијат бараните услуги и информации.

- **Јавно место.** Луѓето се желни за јавни места (простори) за дружење, комуницирање, места каде можат да учат и уживаат, да го пополнат слободното време. Централната библиотека и секој клон е нов плоштад на заедницата, главно собирачко место на луѓето од сите возрасти, каде се собираат за информации, знаење, соседство, јавни случувања и социјална интеракција. Тука се споделуваат искуства, нови содржини, пријателски совети, едноставно Библиотеката станува место на блиски средби од особено значење .

- **Центар за комуникација.** Современиот начин на живеење неодложно бара зголемена комуникација и интеракција меѓу луѓето, а Библиотеката е вистинското место каде граѓаните „очи во очи" ќе комуницираат, имајќи ги пред себе бараните информации. Библиотекарот е оној фактор кој мора да биде извор на комуникацијата помеѓу граѓаните во нивните обиди за меѓусебно разбирање, општење. Со тоа, зајакнува улогата на Библиотеката, како институција која преку систем на интеракција со своите корисници, ја облагородува и збогатува бараната информација.

**Период на спроведување 2018 – 2022**

**Цели и активности**

Во периодот на реализација на Стратегијата ќе се организираат отворени денови во библиотеките, спроведување јавна анкета преку дистрибуирани прашалници во секоја заедница која партиципира кон одредена библиотека, разговори со вработените во Градската библиотека во контекст на давање насоки, идеи, визии како треба да изгледа една **Современа библиотека**, од организациско-структурен аспект, од аспект на новите форми на активности, надополнување на постоечките активности со нови содржини, ентериерот и екстериерот итн. Склучување партнерства за соработка со надлежни институции од локалната и државната власт, индивидуални партнерства и стратешки партнерства, кои ќе одговорат на предлог програмата за финансиска и друг тип на подршка на Библиотеката е неопходен и неодложен процес заради остварување на зацртаните цели и активности од Стратегијата. Реализацијата на зацртаните цели бара обемна и сеопфатна анализа, прецизност и стручност во планирањето (особено во градешните зафати), стручни консултации со компетентни личности, но сите овие активности ќе бидат залудни и неадекватни ако нема сигурна финансиска конструкција, т.е. Градот и државата мора да бидат главни финасиски донатори.

Библиотекарството треба да се подигне на повисоко ниво не само преку систематско и квалитетно образование на своите кадри, туку и со поголеми материјални вложувања на општеството, како и со наменски систем во неговото работење. Сите напори за подигнување на нивото на сопствената професионална работа се недоволни без поголема помош од општеството. Лошо структурираната и сиромашната библиотечна активност е одраз на реалната состојба на општеството, особено неговото културно ниво. Тврдењето дека библиотекарството е основна културна дејност на секој народ е неспорна, но само со добро и успешно работење на библиотеките библиотекарството со право може да го бара своето место пред се во културата, но и во општеството

пошироко. Самите библиотеки треба да станат помудри и поупорни во нивните напори за подигање на нивниот углед во општеството, со смислено планирање треба да обезбедат квалитетни служби, кадри и услуги за своите корисници и што е можно повеќе да влијаат на нивната перцепција за потребата од такви услуги и сервиси. Но, за да Библиотеката ја оствари својата мисија мора и треба да има силна поткрепа зад себе, државата, која преку своите механизми кои ги има на располагање ќе ги испочитува нормите кое едно современо општество мора да ги исполни за да таа биде култо-информативен центар на заедницата.

Мапирање на територијата на градското и приградското подрачје на Скопје заради утврдување на нови локации за отворање на нови или дислокација на постојните библиотечни клонови, решавање на имотно-правни работи заради утврдување на сопственоста на објектите на библиотеката, стручно обсервирање на моменталната состојба на објектите на библиотечните клонови кои имаат итна потреба од преземање градежни дејствија за реновирање на истите се само дел од активностите кои треба да се превземат до постигнување на крајната цел. Тука помошта од локалната самоуправа, Градот Скопје и пошироката заедница ќе биде неопходна за да се реализираат планираните цели и активности од Стратегијата за развој 2018-2022 година.

**Акционен план**

| | |
|---|---|
| **Активности** | - Организирање јавна трибина со корисниците на библиотеката, претставници од власта, вработените во Библиотеката<br><br>-Дистрибуирање на анкетни прашалници, разговори со вработените и стручни, компетентни лица од градежниот сектор<br><br>- Изработка на проект и финансиска конструкција за градежни работи во објектите на библиотеките<br><br>- Склучување партнерства на локално и државно ниво, партнерства со бизнис секторот, спонзорства во насока на градење подобар имиџ за Библиотеката<br><br>- Преземање на градежни работи во објектот на Градската библиотека: реконструкција на кровната конструкција, целосно бојадисување на внатрешниот дел на библиотеката (приземје и први кат), замена на |

| | |
|---|---|
| | класичнито осветлување со лед осветлување, реновирање на вториот кат, адаптирање на нови простори, просторно уредување на дворот, набавка на нов ентериер за читалните.<br><br>- Целосна реконструкција на влезот во Централната библиотека „Другарче“ (скалите на влезот во библиотеката и предскалишниот простор)<br><br>- Реконструкција и санација на одделни библиотечни подружници (кровна конструкција, тоалети, бојадисување на ѕидни површини, поплочување итн.) |
| Временска рамка | **2018 – 2022** |
| Носител | Градска библиотека<br>„Браќа Миладиновци“ Скопје |
| Буџет | |

## Стратешка цел 2

**Развој на библиотечната мрежа**

**Крајна цел**: Вториот дел од **Стратегијата за развој на Библиотеката** е насловен **„Библиотеката-мојот втор дом“** со четири целни категории: **човечките ресурси, корисниците, автоматизацијата и финансиите**. Вториот дел на Стратегијата започнува со преструктуирањето на библиотеката, формирање на нови оддели и реорганизација на постојните согласно новите работни процеси условени од новите трендови во библиотечното работење; нови кадри, професионална обука на постојните, поттикнување на иновативноста на библиотечниот кадар со цел зголемување на бројот на корисниците на библиотеката, поголема транспарентност; воведување на информациските технологии од кои зависи современото работење и спроведување на новите библиотечни трендови; отворање нови можности во финансирањето на библиотеката, градење партнерства, воведување нови категории – спонзорства, донации, меценство.

Изградба на мрежа од оддели и тим од вработени кои ќе создадат институционален капацитет за иновации, транспарентност, стручност и ефикасност во работењето на одделите во Библиотеката.

**Период на спроведување 2018– 2022**

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел**:

Сегашната организациона поставеност на Библиотеката е наследство од времето на организационите единици кои ги остварувале основните библиотечни функции, но не се во согласност со новите библиотечни трендови кои поставуваат нови принципи и стандарди во структурата на Библиотеката. Затоа, неопходно е пренасочување на работните места и нови задолженија како одговор на новите потреби и пораст на бројот на корисниците на Библиотеката. Развојот на културната политика на Библиотеката поврзана е и со потребата за усовршување во однос на стручноста и обученоста на кадрите. Оваа потреба се однесува и на доусовршување на кадрите во смисла на следење на современите информациски и библиотечни трендови, како и усовршување на механизмите за меѓуинституционална и меѓународна соработка.

**- Стручни и професионални обуки на вработените за создавање библиотекари за иднината**

Подигањето на степенот на стручност, како на ниво на индивидуите, така и на целата институција, преку јасно дефинирани критериуми за вработување, ангажмани, селекција  е од посебно значење за градење на имиџот на Библиотеката и издигање на институцијата на ниво на **бренд** во културата на Градот. Стручноста, искуството, образованието се главен предуслов за квалитетно работење,  информациската писменост, иновативноста се само надградба на претходното. Технологијата се развива и движи кон својата бесконечност со брзина на светлината, светот длабоко зачекорил во „новото време“, прогресот не признава импровизација, аматеризам во работењето. На библиотекарите во нашата библиотека им останува сами да решат индивидуално, дали сакаат да фатат чекор со современото библиотекарство или ќе останат на маргините на времето. А , тоа, времето чекори напред во иднината со крупни чекори и на нас, библиотекарите останува да ја одредиме иднината на библиотеката, а повеќе од очигледно е дека Современата библиотека е „мојата“ библиотека на иднината.

**- Иновативноста како патоказ во која насока ќе се движи Библиотеката**

Современите трендови, движења и актуелности во обласа на културното работење, создадоа неопходност од формирање на нови оддели кои се помалку познати во организационата структура на културните институции. **Оддел за маркетинг, оддел за меѓународна соработка, програмски оддел, оддел за унапредување на стручноста на вработените, оддел за човечки ресурси** се новоформирани или преименувани оддели, чија основна цел е градење на тим од вработени кои ќе бидат спремни да одговорат на новите предизвици и секогаш подготвени за иновации. Сите овие оддели, секој сам за себе, се особено важни фактори во напорите за создавање на Современа библиотека, современите текови во културата ги преознаваат овие вредности и овие процеси се составен и неодминлив дел иновативноста, креативноста и прогресот. Иноваторите, вработените кои се предводници на новите процеси знаат дека класиката во работењето е минато, но и дека таа треба и мора да продолжи да се практикува но во спрега со новите модерни технологии и процеси.

**- Комуникацијата како основа за публицитет на Библиотеката**
Успешноста во библиотечното работење и во остварувањето на своите најбитни цели-пренесување на знаење и поттикнување на воспитно-образовните вредности кај младите, центар на информации од секаков вид, промоција на информатичката писменост, зависи од успешноста на процесот на комуникација. Комуникациските вештини на библиотекарите се многу битни. Под поимот комуникациски вештини подразбираме писмена или усмена комуникација, способност на слушање и поставување прашања, давање точни упаства, информации, одговори...Исто така, тие подразбираат професионално однесување на вработените, способност за работа во поголема или помала група, разбирање и толеранција за човечката,полова, етничка и секаков друг вид разноликост, како и разбирање за човечкото однесување општо.

Современата INTERNET комуникација дава бескрајни можности корисниците на библиотечните услуги непречено и континуирано да се здобиваат со нови информации и знаења, преку директна интеракција со Библиотеката или со други институции од сите области. Тоа подразбира постојано ажурирање на веб-страната, користење на предноста на социјалните медиуми, градење на ПР стратегија, што како краен продукт дава корисничко задоволство од воспоставената комуникација и пред се библиотечните услуги.

**- Транспарентност во работењето и флексибилност во спроведување на промените**

Јавната библиотека не сака статус кво ситуација. Можеме да видиме дека нашиот свет се менува и ќе продолжи со промените. Овие промени ќе донесат многу предизвици, нови можности, и постојана потреба од нови откритија во на она што го правиме. Да се биде успешен во овој свет значи дека мора да се биде флексибилен, да се одржува силна врска со корисниците и постојано да вршиме ревизија на сработеното и да откриваме нови дејности на Библиотеката. Библиотеката како културна институција од јавен интерес мора да се преструктуира, во организациска смисла, начин на фукционирање, во начинот на перцепцијата на нејзината улога, значење од страна на Градот и државата, човечките ресурси кои се во неа... Современата библиотека подразбира и нов пристап на сите чинители во заедницата (локална, градска) кон она што значи ново време во културата, животот општо или просто кажано Библиотеката мора да го добие заслуженото место „под сонцето“. Библиотеката е дел од заедницата и таа нераскинлива нишка мора да биде уште поцврста, бидејќи тие заедно во спрега со потребата од Современа библиотека го ндоградуваат културниот идентитет на нашиот народ.

**Акционен план:**

| | |
|---|---|
| **Активности** | -Ново систематизирање на одделите во Библиотеката, отворање оддел за маркетинг и ПР, редефинирање на постојните и трансформирање на работните места |

| | |
|---|---|
| | -Стручни и професионални обуки на вработените, каде предност се дава на обуката на библиотекарите за работа во Cobiss библиотечно-информациски систем<br>-Одржување на предавања за вработените, кои ќе имаат за цел запознавање на вработените во библиотеката со новите технологии, Cobiss презентација на зајмување и каталогизација, поттикнување на нови иновациски идеи, запознавање со IFLA стандардите во сите домени на библиотечното работење итн.<br>-Одржување на средби и состаноци со вработените за постојано споделување на нови идеи и следење на резултатите од секоја промена во процесите на трансформација<br>- Јавна објава на извештаи (месечни и годишни) за активностите на секој оддел и секој вработен<br>- Континуирана соработка и комуникација со издавачките куќи, преку формирање на комисија од библиотекари кои ќе ги следат новите изданија<br>- Формирање на комисии составени од внатрешни членови и надворешни стручни соработници од разни професии кои ќе ги следат капиталните проекти во реорганизацијата на Библиотеката<br>- Учество на конференции, семинари, обуки и работилници, за следење на актуелните трендови во библиотечното работење во земјите од Европа и пошироко, и прифаќање на библиотечниот менаџмент и неговото ефикасно делување<br>- Стручно усовршување на вработените во информатичките технологии на библиотекарството (COBISS-системи), обука за изготвување проекти за пристап до фондовите за култура<br>- Остварување на меѓународна соработка која вклучува партнерски |

| | |
|---|---|
| | проектни соработки, престои во други библиотечни институции, меѓубиблиотечна размена на вработени, размена на искуства, разни јавни настапи<br>- Зачленување на Библиотеката во светски европски библиотечни организации имеѓународни вмрежувања, како организацијата ALA, IFLA, EIFL, OCLC |
| **Временска рамка** | **2018– 2022** |
| **Носител** | Градска библиотека<br>„Браќа Миладиновци“ Скопје<br>Оддел за менаџмент<br>Оддел за човечки ресурси<br>Оддел за стручно усовршување на вработените<br>Оддел за меѓународна соработка |

## Стратешка цел 3

**Воведување новини во работењето со цел зголемување на членството**
**Крајна цел : Креирање навика за доживотно учење**
Услугите за младите се исто така од голема важност. IFLA советува книжниот фонд и инвентарот да сочинуваат посебен оддел што ќе овозможи младите да ја почуствуваат библиотеката како втор дом, место каде ќе поминат пријатни и интересни моменти. Библиотеките мора да го подржуваат севкупното животно учење соработувајќи со училиштата и другите образовни институции (основни, средни школи, факултети). Тие се должни да обезбедат книжен фонд со кој се развива писменоста и основните животни вештини, како и простор за учење за сите корисници кои немаат услови за тоа. Кога е во прашање слободното време, се очекува давање информации поврзани со предметот на интерес на корисникот, како и начинот на користење на слободнот време, а се во духот на културно- уметничкиот развој на грѓаните од сите возрасни групи.

Поттикнување на желбата за читање, литературна и културна надградба и доживотно учење е стратешка цел на секоја библиотека, бидејќи тоа е патоказ кон она што значи библиотека на новото време. Да се обедини заедницата околу збогатување на книжниот фонд, бидејќи предизвик за библиотеката е да се поттикне интеракцијата, иновативноста меѓу нејзините корисници преку набавка на нови изданија од сите жанрови, а пак тоа во корелација со новите текови во библитекарството ќе продуцираат нови членови и ќе се зголемува посетеноста на Библиотеката.
**Период на спроведување: 2018-2020 год.**

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел:**

Библиотеките во Македонија според Законот за библиотеки , ја имаат таа „привилегија“ активно да учествуваат во воспитно- образовниот процес на младите генерации, трасирајќи го нивниот иден интелектуално- професионален живот. Покрај тоа, нивна задача и цел е достапност до библитечните фондови за сите категории на граѓани, без разлика на возраст, верска, политичка или друга припадност, давање информации од секаков вид, се разбира од доменот на нивниот интерес. „Библиотеките се отворени за јавност (цитат од Законот за библиотеки) и преку користење на библиотечниот материјал го шири образованието и трајно ги задоволува културните и другите потреби на пошироката јавност, придонесува за унапредување на стручната и научно истражувачката работа...“

18-те библиотеките кои ја сочинуваат ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“-Скопје во целост, локациски го покриваат целото градско јадро (вклучувајќи ги и приградските населби). Книжниот фонд со кој располагаат овие библиотеки мораме да признаеме дека делумно ги задоволуваат потребите на граѓаните. Младата популација: децата од предшколска возраст, основните и средните училишта, студентите имаат потреба од книжни фондови кои соодвестуваат на времето во кое живееме, значи квалитетот и квантитетот мора да се подигне на едно повисоко ниво. При тоа корисничките анкети, разговорите со библиотекарите, јавните анализи и стручни мислења ќе бидат пресуден фактор во изборот на соодветните колекции книги.

**- Нови пристапи на Библиотеката во запознавањето на читателите со нови содржини**

Помагајќи на читателите да ја пронајдат бараната книга библиотеката ја обезбедува една од најважните услуги. Традиционално ова се случува во разговор помеѓу библиотекарите и читателите, како и преку библиотечните каталози. Но, како што библиотеката со силни и крупни чекори граби во иднината, ние ќе ги зајакнеме постоечките услуги и ќе ги прошириме во нови насоки, така што на своите корисници ќе им овозможиме да бидат поврзани со „нивните“ библиотеки преку интернет, преку Cobiss информациските каталози, блогови, групи - фанови на книгата, он-лајн советодавни услуги и дискусии, како и преку социјалните мрежи и медиуми. Децата од предучилишна возраст ќе имаат пристап до колекции, програми и услуги кои ќе помогнат доживотно да се развие љубовта кон книгите, читањето и учењето. Ќе се иницираат програми како на пример: "Скопје чита", „Библиотеката е твојот свет“, „Книгата-најверен пријател“ - за подигање на свеста за важноста на читањето кај младите деца. Тоа подразбира збогатување на фондот на книгите и квантитативно и квалитативно, но не само дакларативно туку суштински со правовремена и континуирана набавка на нови наслови..

**- Целосна автоматизација на библиотечните процеси и бесплатен интернет за секого**

Како и во периодот пред десет и повеќе години кога најмногу се дискутираше за бројот на издадени книги, и денес овој процес останува важен за успехот и опстанокот на библиотеките, и покрај денешните ON LINE пребарувања на книги. Меѓутоа денешниот развој на библиотеките најмногу е

насочен кон тоа како најдобро да им служиме на нашите корисници, а да бидеме во тек со информациското време. Современите информатички технологии ја поставуваат библиотеката во новите форми на ресурсни центри, како главни извори на информации од сите области на живеењето. Воведувањето на новите технологии, компјутерско-информатичката писменост и пред се современите IFLA стандарди треба да бидат максимални инкорпорирани и експлоатирани.

**Библиотеките како базни станици на Cobiss системот**

Градската библиотека планира да воведе во своето работење уште неколку базни станици и тоа во оние библиотечни клонови каде интересот на граѓаните за користење на нашите услуги е голем, пред се тука се мисли на библиотеките: „Јане Сандански" (општина Аеродром), „Ѓорче Петров" и „Стале Попов" (општина Центар). Планираме да профункционира Cobiss – позајмица, што значи дека издавањето и враќањето на книги ќе биде компјутерски евидентирано. Бенефитот ќе биде обостран- од една страна корисниците ќе добијат брза и квалитетна услуга, а од друга страна Библиотеката ќе има целосна евиденција на издадените книги. Исто така, нашите корисници во секој момент можат да добијат информација за било која публикација дали е слободна за издавање, како и во која библиотека истата се наоѓа. Овие библиотеки имаат голем број на регистрирани читатели, солиден книжен фонд, стручни и компетентни библиотекари, одлични услови за работа, во нивна близина се неколку основни и средни училишта од каде доаѓаат и најголемиот број на корисници на нашите услуги, и тие се лоцирани во делови од градот со голем прилив на население.

**- Воведување на нови модели на пристапот до информациите – изработка на веб-каталози, онлајн ресурси, пристап до бази на податоци**

Изработка на нови он-лајн каталози кои им овозможуваат на корисниците поедноставно пребарување како и можност да креираат листи на книги и да имаат удел во критиката. Претплати за членства и пристап до бази на податоци и онлајн списанија од научен карактер, кои се неминовно потребни за научни истражувања. Покрај големиот избор на научна литература со која располагаме, овие каталози ќе бидат од голема корист за сите граѓани кои се бават со научно-истражувачка работа.

**- Библиотеката извор на високо-квалитетни информации и програми за поддршка на личниот развој**

Секој ден библиотеката ги поврзува учениците и студентите со новите идеи, проширувајќи ги нивните вештини. Планираме да се прошират едукативните можности на начини на кои најдобро ќе се збогатат библиотечните и ресурсите на заедницата. Воведување на онлајн списанија, отворени едукативни ресурси, информативни ресурси се приоритети на Библиотеката.

Библиотеката ќе се трансформира во ресурс центар, и ќе се конституира како институција одговорна за ширење на вештините потребни за да се најде и

користи информацијата.Библиотеката нуди програми кои ќе ги насочат младите ученици кон доживотни читатели, ќе ги инспирира тинејџерите да ги постават целите во кариерата и ќе им помогне на возрасните да ги збогатат своите животни искуства. Библиотеката треба да прерасне во место каде се случуваат животни и професионални преврати (позитивни), место со посебен дел само за деца и тинејџери, како и литературен центар каде граѓаните го надополнуваат или надградуваат своето образование, вештини и сл. Ова го потврдува фактот дека библиотеката ги гради човечките капацитети кој му овозможуваат на еден град, држава да напредува со крупни чекори во иднината. Професионализмот е база на прогресот во секоја општествена гранка, па и во библиотекарството.

**-Подржување на програми за доживотно учење**

Програмата за доживотно учење е дел од „Европската агенда за култура" на ЕУ и поддржува широк спектар на активности поврзани со образованието и културата. Поттикнување на креативноста и поддржување на интеркултурниот дијалог се меѓу специфичните цели на програмата кои имаат потреба од организирање и спроведување проекти од областа на културата со креирање на мрежа од партнерства. Културно насочените проекти во основа се насочени кон потврдување на капацитетите на културните институциии, нивната улога во образовните процеси на возрасните јакнењето на индивидуалните и колективните вредности. Дел од овие проекти се промовираат во библиотеките.

Возрасните ќе имаат пристап до материјалите и услугите кои ќе им овозможат да се здобијат со основни литературни знаења. Тоа подразбира рекламирање на библиотечната програма за писменост на веб-сајтот на Библиотеката, зголемување на бројот на воспитно-образовните центри во библиотечните подружници, обучување на волонтери- наставниците кои ќе им помогнат на возрасните ученици да ги пополнат образовните празнини. Да се збогатат мулти-формат колекциите, кои помагаат за подобрување на вештините од странските јазици, за промоција на мултилингвилизмот и поддржување на интеркултуралниот дијалог во заедницата.

Тинејџерите и возрасните ќе имаат пристап до збирките, програмите и услугите кои го поддржуваат нивниот личен и професионален развој, ќе се стимулира имагинацијата и ќе се обезбеди разновидност на слободни активностии искуства. Ќе се набавува нова стручна литература, високо-побарувана, документаристика и белетристика, во различни формати и на различни јазици. Се промовираат документарани колекции на сите можни прикажувачи (вебсајт), и се зголемува свеста за он-лајн каталози. Организирање на обуки за запознавање на возрасните со новите информациски технологии заради преминување на дигиталниот јазик, кој сеуште за многумина грѓани претставува табу тема.

**Акционен план:**

| | |
|---|---|
| **Активности** | - Целосна автоматизација на Библиотеката<br>- Изработување на библиотечни он-лајн каталози<br>- Изработување на библиотечни он- |

| | |
|---|---|
| | лајн каталози, целосно поврзување во системот на COBISS, организирање на блогови, поврзување во социјалните мрежи.<br>-Организирање промотивни настани за запознавање на читателите со нови книги и помагањето во избор на следна книга<br>- Организирање на јавни читање книги од автори во библиотеката и дискусија помеѓу групите, споделување на коментарите за материјалите од колекциите и размена на идеи.<br>- Организирање високо-квалитетни програми за поддршка на личниот развој кои ќе ги инспирираат тинејџерите да ги постават целите во кариерата и ќе им помогнат на возрасните да ги збогатат своите животи.<br>- Подржување на програми за доживотно учење согласно Европската програма за развој на културата<br>- Рекламирање на библиотечната програма за писменост на веб-сајтот на Библиотеката, зголемување на бројот на писмени центри во клоновите<br>- Обучување на волонтери-наставниците кои ќе им помогнат на возрасните ученици да ги пополнат образовните празнини.<br><br>- Збогатување на мулти-формат колекциите, кои помагаат за подобрување на вештините од странските јазици, за промоција на мултилингвилизмот и поддржување на интеркултуралниот дијалог во заедницата.<br>-Креирање на литературен град<br>- Организирање и промовирање на програма "Скопје чита" за подигање на свеста за важноста на читањето<br>- Збогатување на фондот на книгите и квантитативно и квалитативно.<br>-Постојано ажурирање на веб сајтот на Библиотеката |

| | |
|---|---|
| Временска рамка | **2018 – 2020** |
| Носител | Градска библиотека<br>„Браќа Миладиновци“ Скопје<br>Оддел за набавка и обновување на книжниот фонд<br>Оддел за унапредување на библиотекарството<br>Оддел за меѓународна соработка |
| Буџет | |

## Стратешка цел 4

**Зајакнување на придонесот на библиотеката во образованието на младите во Градот и државата**

**Крајна цел:** Библиотеката да се промовира во лидер за унапредување на образованието, за да се намали неписменоста, намалување на бариерите кои стојат на патот на знаењето, промовирање и ширење на културите од светот, и за придонес и обесштетување од нееднаквости.

**Период на спроведување 2018-2021 год.**

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел:**

Библиотеката традиционално е позната како место со книги и читални каде се случуваат средби на студентите, читатели од различни возрасти и професии, повеќе отколку како место за дружење на родителите и нивните помали деца. Имено, Библиотеката е културна институција со која треба да се дојде во контакт многу порано од тинејџерската возраст. Детското катче ќе се организира не само како детски оддел со книги, туку како место каде детето (од 2 годишна возраст) за прв пат се запознава со книгата и на тој начин образовниот процес ја поместува границата од времето кога се почнува со читање. Имаме сликовито запознавање со ликови, настани и секојдневни дејства. Во овој контекст, мораме да нагласиме дека во библиотеката „Другарче“ повеќе од четири децении работи игралната како прва од таков вид во Македонија. Во наредниот период игралната ќе почне да применува нови форми на детски активности како дел од новата визија на Современа библиотека. Исто така, Библиотеката има за цел да преземе серија активности за организирање програми кои ќе придонесат кон поттикнување и развивање на свеста за образованието и културата помеѓу младата популација, а со цел за нивно порано и поактивно вклучување во современите образовни и културни програми и процеси во државата.

**- Библиотеката ќе обезбеди образовни ресурси за рано учење**

Врската помеѓу изложеноста на читање и приказни во многу рана возраст и идните успеси во учењето е јасно утврдена. Нашата библиотека ќе работи на усовршување на детските услуги и нудење на сите расположливи можности за да се поттикнат родителите и старателите, да ги донесат малите деца - па дури и

бебиња – во детското катче, на најразновидни настани како сесии за веселите приказни, сликовито прикажување на ликовите од бајките и сказните, на тој начин пополнувајќи го клучниот дел од подготовката на децата за училиште. И тука мораме да нагласиме дека игралната е детско катче, и дека голем дел од претходно наброените активности веќе ги има вметнато во својата програма.

**Библиотеката-дел од воспитно образовниот процес (место за решавање на училишни задачи и проекти, развивање на ресурси кои ги поддржуваат соодветните наставни планови и програми)**

Библиотеката ќе биде место каде учениците по училиште се среќаваат со пријателите за да ја изработат домашната работа или користат компјутер.Учениците и тинејџерите ќе имаат ресурси кои ќе им помагаат во нивните училишни задачи и ќе им помогнат за успех во училиште. Ќе се организира „катче за домашни задачи" каде што може да се сретнат лично со учители-волонтери во библиотеката од соседството, е со цел да добие лична помош за задачи по математика или пак да им се овозможат, преку веб-сајтот на Библиотеката, он-лајн тутори кои се на располагање во секое време од денот. Ќе се организира програма со која ќе се поттикне свеста на родителите за важноста на библиотечните ресурси кои им помагаат нанивните деца и пилот програма за создавање на мала група студиски области (според бројот на студенти од одредени групи во одредени клонови) во филијалите на библиотеката.

**- Воведување на нови услуги – е-читална, пристап до база на податоци и отворени ресурси**

Новите начини на едукација во светот како distant-learning, open resors, e-education, on-line exam, се трендови кои многу брзо навлегуваат и во нашиот образовен систем. Младите луѓе кои неможат да го замислат секојдневието без компјутер ги поставуваат новите начела на едукацијата. Бидејќи библиотеката е еден од сегментите на образованието се јавува потреба од следење на овие нови едукациски програми. Отворање на е-читална е приоритетна цел во Стратегијата на Библиотеката.

**Акционен план:**

| | |
|---|---|
| **Активности** | - Организирање на движење за обезбедување на рано учење кое е клучно за искуствата на малите деца<br>- Зголемување на колекциите за деца од предучилишна возраст, понуда на услуги, креирање предучилишен дел за децата на веб страница на Библиотеката.<br>- Организирање програма „Баби, дедовци и книги" со разновидни настани за вклучување на предшколските деца во образовните програми. |

| | |
|---|---|
| | - Организирање на „катче за домашни“ каде што учениците може да се сретнат лично со учители-волонтери во подрачната библиотека, со цел да добие лична помош за домашни задачи.<br>- Развивање на ресурсите кои ги поддржуваат училишните и наставните програми, како и соработка со едукаторите<br>- Преку веб-сајтот на Библиотеката ќе се организира услуга он-лајн тутори кои ќе се на располагање во секое време од денот.<br>- Лансирање напилотпрограма за создавање на образовни ресурси од студиски области вофилијалите набиблиотеката.<br>- Осмислување на програма за обука на предавачи кои ќе ја спроведат едукацијата наменета за децата и младите.<br>-Осмислување и спроведување на едукативни програми и активностисо целпополнување<br>наобразовнитепразнини<br>-Соработка со ресорните министерства за наука, образование и информатика<br>- Воведување на нови услуги – е-читална, пристап до база на податоци и отворени ресурси<br>- Набавка на опрема за отворање е-читална: компјутери, скенери, печатари, интернет мрежа, ентериер<br>-Зголемување на бројот на електронски изданија<br>-Организирање на база на податоци<br>-Обезбедување пристап до онлајн научни списанија |
| Временска рамка | **2018– 2022** |
| Носител | Градска библиотека<br>„Браќа Миладиновци“ Скопје<br>Оддел за научна литература<br>Оддел за популаризација на книгата<br>Оддел за дигитализација |
| Буџет | |

## Стратешка цел 5

**Интегрирање на библиотеката во секојдневниот живот**
**Крајна цел:** Библиотеката-место на блиски средби

Библиотеката мора да биде прв извор за практични информации за сите области, почнувајќи од родителите и воспитувањето, образованието и науката, личните финансии, информации за здравството, културата и секојдневниот живот. Создавање на платформа каде поединците и организациите можат да разменуваат знаење за теми од интерес на заедницата. Библиотеката ќе доживее трансформација на учењето, претварајќи се во лабораторија каде што секој може да експериментира со новите информациски технологии.
**Период на спроведување 2018-2020**

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел:**

Библиотеката ќе претставува локација каде што луѓето од сите сфери на животот редовно ќе го споделуваат просторот и ќе ги разменуваат секојдневните искуства. Библиотеката ќе претставува простор кој е безбеден, место каде посетителите ги добиваат бараните информации, рзменуваат искуства и сите истражувања.

Како градска институција Библиотеката ја негува посветеноста кон демократијата. Ние постојано се стремиме да создаваме можности за жива расправа за прашања кои се од граѓанско значење, со што Библиотеката ќе се трансформира во практично и креативно сидро на животот во заедницата. Библиотеката е главната алка во синџирот индивидуа-член на заедницата и локална власт-застапник на заедницата.

**- Воспоставување на Библиотеката како граѓанска-фокусна точка и ресурс центар за заедницата**

Библиотеката преку својот систем од 18 библиотеки треба да претставува фокус центар на граѓаните од сите возрасти, етникуми, професии. Преку Интернет мрежата во која се вмрежени сите библиотеки (кои припаѓаат на Градската библиотека) граѓаните на Скопје ќе бидат во можност да ги користат ресурсите на нашата институција, како и активно да го креираат животот во за својата заедница. Со информациите како појдовна точка, нашите библиотеки може да бидат места каде соседите ги разгледуваат прашањата од локално и национално значење, неутрални места кои охрабруваат средба и дијалог со претставниците на локалната администрација.

**- Библиотеката- извор на точни информации од општествен интерес со што го подобрува квалитетот на заедницата**

Ги охрабруваме корисниците на Библиотеката да ја користат како место за организирањене формални дискусии, панел дискусиии форуми за транспарентност на информации. Граѓаните треба да ја користат библиотеката почесто од било која друга владина агенција, како доверлив ресурс на информации. Библиотеката како јавен сервис може да им помогне на жителите да се поврзат со градските власти за чисто практични прашања, може

да помогне како да го регистрираат детето за училиште, да проверат зонирање на една парцела, да проверат листа на чекање за државен стан, да се провери датотеката на документи за кандидирање во Градскиот совет итн. Тука улогата на библиотекарот е особено важна, пред се неговата информативно-информациска писменост и способност да одговори на поставените задачи, во процесот на едукација на своите корисници.

**- Библиотечните клонови ќе го прилагодат својот простор и услуги за давање поддршка на заедницата**

Се повеќе и повеќе луѓе ја користат библиотеката за секаква потреба, од барање работа, соработка на работни групи на одредени студии, и затоа важно е да се прилагоди локацијата и да се утврди политиката на пристап до компјутерите, со цел да се обезбеди максимална расположливост на корисниците. За остварување на оваа цел потребно е пренамена на објектите на библиотеките во простор кој е флексибилен и адаптибилен. Во една библиотека каде младите луѓе сакаат да се собираат за домашната работа и дружење, треба да има местото каде што удобно може да се групираат околу компјутер. Исто така, мошне итересна и често користена активност е тивко читање на книги и дискусија во круг, при што мора да се предвиди адекватен инвентар (мебел пред се) кој лесно ќе се конвентира и повторно враќа во првобитната спостојба и сл. Желбата за такви активни, адаптибилни и флексибилни простори може да биде поддржана од страна на локалната заедница во која егзистира и работи библиотеката, при што граѓаните ќе го најдат својот интерес на најдобар можен начин.

Библиотеката го задолжува персоналот да стане „контакт" за тековните информации и за активностите од соседството, како и да ги развива ресурсите,за да одговори на барањата и потребите од заедниците на кои им служи. Предизвик за вработените е балансирање помеѓу одговарањето на интересите и потребите од соседството и ефикасното служење на разновидноста на населението.

**Библиотеката како „дневна соба на етникумите"**

Библиотеката според IFLA- стандардите посебен акцент треба да стави во помагање при обликување и одржување на културниот идентитет на заедниците (читај етникумите во Македонија), со отворање на библиотеки кои ќе даваат библиотечни услуги на сите етнички заедници кои живеат таму, при што книжниот фонд за истите ќ биде достапен на нивниот мајчин јазик (библиотеките „Цветан Димов" и „25 Мај" кај нас поседуваат книжна граѓа на албански, турски, ромски јазик). Тука мора да се нагласи организација на разни културни манифестации по повод значајни датуми и личности од историјата на етничките заедници во соодветната држава (според IFLA) и тоа во посебна соба намената за тоа, т. н. „Дневна соба на заедници", каде ќе се изведуваат литературни читања, промоции, изложби, разни средби и работилници, на јазикот на соодветниот етникум.

**-Библиотекатае место во кое се промовира културната свест**

Библиотеката е атрактивен центар на соседството, безбедно и добредојдено место за комуницирање со другите. Новите библиотечни

трендови ја промовираат библиотеката како „гласно место“ во кое треба да се среќаваат сите возрасти од популацијата на една заедница, место на голем број настани од културен карактер (концерти, поетски, авторски средби, предавања, проекции на филмови), место каде родителите ќе ги разменат своите искуства за растењето на децата, читателите за прочитаната книга, студентите за положениот испит, едукаторите за образовниот процес, возрасните за здравјето. Сите жители ќе имаат пристап до збирките, услугите ипрограмите кои промовираат културно разбирање и ја слават разновидност на градот. Библиотеката може да помогне во зајакнувањето на пораките за здраво стареење преку обезбедување на линкови до најдобрите веб-сајтови или со држење предавања и советувања. Проширување на збирките на други јазици и повеќе-јазичност на информациите и отворените ресурси на веб сајтот на библиотеката, зголемена понуда на нови културни програми и изложби за сите возрасти кои се од други различни култури и етникуми.

**Акционен план:**

| | |
|---|---|
| **Активности** | -Библиотеката како граѓанска фокусна точка и ресурс центар за заедницата<br>- Отворање на канцеларии на локалната власт во просториите на библиотеките кои ќе служат за остварување средби со граѓаните<br>- Одржување на неделни консултации за разни прашања од граѓански и општествен интерес<br>- Организирање на помош на граѓаните за најразновидни документи (пополнување апликации, изработка на CV, уплата на даноци и сл.)<br>- Организирање на база на податоци на сајтот на Библиотеката<br>- Организирање на програми за помош при вработување, преквалификување на работни задачи, поттикнување на самостојни бизниси<br>- Обезбедување бесплатен пристап до компјутери и интернет<br>- Поставување на информациони табли<br>- Реконструкција на просториите во објектите на библиотечните клонови и нивно трансформирање во флексибилен и адаптибилен простор<br>- Трансформирање на Библиотеката во отворен и јавен простор<br>- Одржување најрозновидни културни настани<br>- Отворање културни катчиња на други |

| | |
|---|---|
| | народи и набавка на литература на странски јазици |
| Временска рамка | **2019 – 2021** |
| Носител | Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ Скопје<br>Оддел за унапредување на библиотекарството<br>Оддел за популаризација на книгата<br>Библиотечни клонови |
| Буџет | |

## Стратешка цел 6

**Градење партнерства како ефикасен модел за соработка меѓу различните институции, организации и установи**

**Крајна цел:** За да се постигнат амбициозните цели кои се наведени во овој Стратешки план јавната библиотека мора да ги здружи силите со културните установи, институции, организации и да организира ефикасен модел за соработка меѓу нив, како и со партнерите од бизнис секторот. Заедничките партнерства создаваат нова вредност за јавноста преку тимската работа. Секогаш постои огромна неискористена можност за потпора на Библиотеката, збогатување на библиотечните материјали и услуги, градење на просторни и кадровски знаења во соработка со јавни и приватни организации кои имаат комплементарни мисии, кои донесуваат различни вештини, знаења и односи. Во време на ограничени ресурси, корисноста од партнерства станува уште поголема. Тоа подразбира да во својата нова стратегија библиотеката вклучи процес на „оформување на партнерства и соработка како со јавниот така и со приватниот и непрофитабилниот сектор” чиј допринос ќе биде непроценлив.

**Период на спроведување 2019-2021**

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел:** Библиотеката има успешна соработка со многу партнери од заедницата, но секогаш постои можност да се направи повеќе. Библиотеката треба да ги идентификува моделите кои работат најдобро, да ги зајакне постоечките односи и да работи на градење нови партнерства со кои ќе се зајакнат нашите стратешки цели.

**-Градењена систематски пристап кон партнерството и партнерските ресурси, внимателно планирана изградба на врски заради обезбедување нови услуги на корисниците-** примерите кои следат илустрираат видови на партнерства кои библиотеката се обидува да ги прошири или реплицира.

- **Склучување кооперативни договори со странски културни преставништва**, совети или организации (Британски совет, Американско катче, Турски културен центар) за да се олесни изучувањето на други јазици и запознавање на граѓаните со другите култури. Донации на книги, едукативни

материјали, гостување на автори, отворање културни катчиња на други народи со цел промовирање на мултикултурализмот.

- **Соработка со локалните агенции за социјални услуги и невладини организации**, чии вработени се обучени за работа со деца и старатели, кои во раното детство обезбедуваат услови да се стекнат со основни знаења. Тоа се најчесто сесии наречени „Играј и учи". Овие сесии се случуваат во библиотечните подружници и библиотекарите учествуваат во нив за да им помогнат на младите семејства да се вклучат во активно користење на библиотечните ресурси.

- **Договори (со бизнис елитата)** кои ќе носат на библиотеката нови клиенти или членови и ќе и помогнат на Библиотекатада да создава нови врски во заедницата. Градење на бизнис партнерства заради спроведување на програмата „Пријатели на библиотеката" и отворање на фондови за донации и спонзорства на истата. Учесниците во најразлични програми можеби прв пат се соочуваат со библиотечните услуги и на овој начин може да бидат привлечени да дознаат повеќе за она што библиотеката може да им понуди. Тоа се организации кои бараат да стигнат до широката публика во атрактивно, јавно-отворено место, и токму Библиотеката е идеален простор кој обезбедува слободен пристап и високи услуги. Тоа е компатибилно со библиотечната мисија „без реклама, активности за-профит". Во Библиотеката може да се организираат настани за промоција на истите.

Библиотеката ќе биде место за редовни предавања и одржување на работилници спонзорирани од страна на Бизнис асоцијација за градење на мали бизниси, барање работа, подготовка на CV, градење лична кариера и разновидни теми од областа на бизнисот и економијата.

- **Партнерства со институции од други области, пред се медицински институции и социјални институции**

Отворање на катче посветено на здравјето и одржување на советувалиште за медицина, здравје и исхрана, со што се привлекуваат корисници на библиотечни услуги, односно категорија на луѓе кои може да најдат помош и подршка во книгата и библиотеката.

- **Партнерства со образовни институции** (градинки, училишта, факултети)

Преку партнерство со образовните институции Библиотеката добива висок приоритет во градењето на нејзините односи со секое училиште и неговото раководство, зајакнувајќи ја својата улога во заедницата преку можностите што ги нуди библиотеката за поддршка на учењето. Многу библиотекари имаат развиено индивидуални врски со локалните училишта и наставници, како и со училишните библиотеки за меѓусебна соработка. Истите тие библиотекари ќе привлечат групи на ученици во библиотеката во „катчето за домашни работи" за изработување истражувачки проекти или за да се објасни како да се користат он-лајн ресурсите за домашна помош. Преку организирање на заеднички работилници со основните и средните училишта, учениците може да се здобијат со основни познавања од многу вештини.

-**Креирање на партнерства со владини агенци и групи во заедницата кои се од корист за жителите на Градот**

Библиотеката гради партнерства со цел да се обезбеди бесплатна помош за даночна подготовка, која корисниците на библиотеката ќе можат да ја добијат во Централните библиотекии 14-те библиотечни клонови.

- **Волонтерството** е најсилниот вид на **индивидуално партнерство** кое Библиотеката ќе го постави на највисоко ниво, заради остварување на повеќето од наведените стратешки цели.

**Акционен план**

| | |
|---|---|
| **Активности** | - Склучување нови или обновување на постојните кооперативни договори со странски културни преставништва, совети или организации<br>- Библиотеката ќе работи со локалните агенции за социјални услуги и невладини организации, чии вработените се обучени за работа со деца<br>- Склучување договори (со бизнис елитата) кои ќе носат на библиотеката нови клиенти или членови<br>- Склучување партнерства со институции од други области, заради спроведување на нови активности<br>- Склучување партнерства со образовни институции<br>- Креирање на партнерства со владини агенции<br>- Развивање на волонтерството заради остварување на повеќето од наведените стратешки цели |
| Временска рамка | **2018 – 2021** |
| Носител | Градска библиотека<br>„Браќа Миладиновци“ Скопје<br>Оддел за менаџмент<br>Оддел за човечки ресурси |

## Стратешка цел 7

**Организирање на дигитална библиотека**

**Крајна цел :** Дигитална библиотека е библиотека чиј што фонд е достапен во дигитален облик и може да и се пристапи со користење на Интернетот, значи преку компјутер. Дигиталните содржини се достапни локално или преку компјутерските мрежи. Дигиталните библиотеки се извори на информации во електронски (дигитален) облик и се повеќе корисници во современиот свет ги користат нивните ресурси. Современата библиотека мора да се стреми кон

дигитализација на дел од своите книжни фондови и да овозможи во најскоро време да и бидат достапни на заедницата. Дигитализацијата сама по себе е комплексен и сложен процес, како библиотечен процес бара стручни и добро обучени кадри, по можност луѓе од светот на компјутерско-информатичкиот свет. Овој процес не признава импровизации, неуспешни обиди,како и несоодветен кадар, напротив дигитализацијата мора да биде добро испланирана, анализирана и спроведена од стручни и компетентни луѓе.

**Период на спроведување 2018-2021**

**Сегашни состојби и опис на стратешката цел :** Досегашната перцепција дека Библиотеката е само место, простор исполнет со полици со книги, каде што библиотекарот зема книга од полицата и ја враќа на место денес е „драстично" променета. Автоматизацијата на библиотечните процеси е одамна започната, стремежот на секоја библиотека е да ги следи новите технолошки изуми, па тука Градската библиотека „„Браќа Миладиновци"-Скопје нема никакви дилеми. Дигитализацијата како дел од библиотечните процеси ќе биде наша иднина и „судбина", чекор по чекор и внимателно имплементирајќи ги нејзините базни цели и принципи ќе успееме во намерите е-книгата да биде дел од нашите фондови со кои ќе влеземе во „новото време".

**-Библиотеката ќе биде лидер во заедницата за обезбедување пристап до дигитални материјали.**

Библиотеката започна формирање на дигитална колекција на македонското литературно богатство, која е во постојано зголемување. За задоволување на потребите на корисниците Библиотеката ќе преговара со издавачите за електронски изданија на книгите, за да се овозможи популарниот дигитален материјал да биде лесно достапен за корисниците.

И покрај технолошките бариери и недостаток од технологии во Библиотеката, како и строго ограничениот избор наметнат од страна на е-издавачите, Библиотеката е подготвена на целосен пристап до популарните дигитални материјал. Ќе следат преговори со некои од најиновативните умови во информатичката технологија, како и нови соработки меѓу библиотеката и издавачката индустрија во контекст на новите стандарди за дигитално издаваштво.

**- Библиотеката ќе организира заштита, конзервација, чување и дигитализација на колекциите кои се со ретка културна вредност**

Библиотеката во своите витрина има колекција на стари и ретки книги од странската и македонската издавачка дејност, кои имаат итна потреба од револаризација, конзервација и заштита со посебни услови на чување. Истовремено се јавува и потреба од нивна дигитализација и слободен пристап на интернет, со што ќе се промовира македонското литературно наследство.

**- Обезбедување целосен пристап до библиотечните материјали за лицата со хендикеп**

За луѓетово нашата заедница, кои имаат посебни потреби, Библиотека е клучна врска до информациите и идеите. Во нашата заедница

постои голем недостаток за луѓето со посебни потреби, кои сè уште немаат пристап до повеќето книги, немаат интернет пристап од дома за симнување достапни електронски книги. Затоа Библиотеката мора постојано да се стреми кон подобрување на пристапот до информациите за овие индивидуи кои се дел од нашата заедница. IFLA посебно ги истакнува библитечните услуги на овие специјални групи корисници, а тука влегуваат и корисници кои од разни причини не се во можност да ги користат истите. Тие услуги можат да бидат подобрени со употреба на нови технологии, на пример програми за синтеза на говор, онлајн каталози, мрежно поврзување на далечина и слично.

**Акционен план:**

| | |
|---|---|
| **Активности** | - Набавка на компјутерска опрема и софтвери<br>- Унапредување на процесот на дигитализација за обезбедување побрз пристап до дигитални материјали<br>- Обуки и престои на вработените во институции со големо искуство од процесот на дигитализација<br>-Нови вработувања од ИТ секторот<br>-Набавка на нов ентериер и реконструкција на просториите за изградаба на дигитална библиотека<br>- Библиотеката ќе работи на изградба на сеопфатна дигитална колекција<br>- Водење преговори со е-издавачи, за да се овозможи популарниот дигитален материјал да биде лесно достапен за корисниците.<br>- Изработка на нови модели за пристап до веб-каталози<br>-Организирање на посебна дигитална колекција за лица со посебни потреби<br>- Обезбедување целосен пристап до библиотечните материјали за лицата со хендикеп |
| Временска рамка | **2018 – 2022** |
| Носител | Градска библиотека<br>„Браќа Миладиновци“ Скопје<br>Оддел за дигитализација<br>Оддел за автоматизација на библиотечните процеси |

Скопје, 20.06.2018 г.

Сузана Данаилова,
в.д. директор